**ЗБОРНИК**
**НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ**
**„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

**РЕДАКЦИСКИ ОДБОР**
проф. д-р Рената Тренеска-Дескоска, Македонија;
проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, Македонија (уредник);
проф. д-р Каролина Ристова-Астеруд, Македонија;
доц. д-р Даниела Блажевска, Македонија;
доц. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, Македонија;
доц. д-р Александар Љ. Спасов, Македонија;
доц. д-р Милена Апостоловска-Степаноска, Македонија (секретар);
проф. д-р Андрож Тершек, Словенија;
проф. д-р Тома Ѓорѓевиќ, Србија;
проф. д-р Горкем Атсингур, Киргистан;
проф. д-р Еника Абази, Албанија;
проф. Мери Марес, САД;
проф. д-р Елена Маркова, Русија;
проф. д-р Слаѓана Стаменковиќ, Србија;
проф.д-р Марија Игнатовиќ, Србија;
проф.д-р Мурат Акташ, Турција;

Правен факултет
„Јустинијан Први“ – Скопје

Печати:
МАР - САЖ

Тираж: 300



Scanned with CamScanner

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
"SS. CYRIL AND METHODIUS" UNIVERSITY, SKOPJE
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“, СКОПЈЕ
FACULTY "IUSTINIANUS PRIMUS", SKOPJE

# ЗБОРНИК
## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

# COLLECTION OF PAPERS
## FACULTY OF LAW “IUSTINIANUS PRIMUS” IN SKOPJE

### МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА
## МЕДИУМИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
### INTERNATIONAL CONFERENCE
## MEDIA AND HUMAN RIGHTS

Скопје, 2016



Scanned with CamScanner

д-р Александар Љ. Спасов[1]

316.776.23:355.012:[341.645:343(675.98)

# МЕДИУМИТЕ И ЗЛОСТОРСТВАТА ПРОТИВ ЧОВЕШТВОТО-НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ (СЛУЧАЈОТ НА РУАНДА)

**Резиме:**

Истражувачкиот труд ја анализира улогата на локалните медиуми во провоцирањето на геноцидот во Руанда во 1994 г., како и правните последици што следеле, а особено кривичниот прогон од страна на Меѓунардниот кривичен трибунал за Руанда (МКТР) во рамките на т.н. „Медиумски случај" кон тројцата поединци што ја осмислиле и спровеле медиумската кампања на омраза која што имала значајна улога во поттикнувањето на Хутите да го извршат геноцидот врз Тутсите.

Фокусот на истражувањето е врз влијанието на „Медиускиот случај" врз развојот на меѓународната кривична одговорност за основните злосторства во меѓународното кривично право, особено за злосторствата против човештвото во современиот глобализиран свет кој се карактеризира со брз и децентрализиран развој на нови медиуми и е соочен со трагични конфликти што вклучуваат масовно страдање на населението.

1. Меѓународната кривична одговорност за воени злосторства, злосторства против човештвото, злосторството геноцид и злосторството агресија е феномен што беше еден од клучните настани кои ја одбележаа правната и политичката историја на меѓународниот поредок во 20 в. Основањето на Меѓународниот кривичен трибунал за Руанда (*понатаму:* МКТР), покрај Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (*понатаму:* МКТЈ), беше претходница на современиот постојан Меѓународен кривичен суд основан низ еден долг и контроверзен процес почнувајќи од Нирнбершкиот трибунал, а после неколку децениска пауза продолжувајќи преку МКТЈ и МКТР.[2]

МКТР е основан со Резолуцијата 955 од 1994 година на Советот за безбедност (*понатаму:* СБ) на Организацијата на обединетите нации (*понатаму:* ООН). Во Резолуцијата се нагласува дека врз основа на барањето на Владата на Руанда „се основа меѓународен трибунал со единствена цел да

[1] Авторот е доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ

[2] *Спасов, А.,* Современите теории за државниот суверенитет во меѓународниот поредок меѓу правниот позитивизам и државната одговорност (докторска дисертација), 2015, стр. 172-178



Scanned with CamScanner

ги гони лицата одговорни за геноцид и други сериозни прекршувања на меѓународното хуманитарно право сторени на територијата на Руанда и за граѓани на Руанда одговорни за геноцид и други прекршувања сторени на територијата на соседните држави меѓу 1 јануари 1994 година и 31 декември 1994 година“. Во анекс на наведената резолуција СБ на ООН го усвојува и Статутот на МКТР во кој се регулира надлежноста, материјалното право и процедуралните правила за работата на МКТР.[3]

Фактичката причина за основањето на МКТР се масовните убиства во форма на геноцид извршени врз малцинската група Тутси и врз умерените Хуту од страна на екстремисти од мнозинската популација Хуту во Руанда. Имено, долгогодишните тензии меѓу овие две групи требало да бидат решени со мировниот договор потпишан во Танзанија во 1993 година, а чие што спроведување било мониторирано од меѓународни мировни сили. Сепак, во есента во 1993 година тензиите повторно се зголемиле, а нивната ескалација се случила по уривањето на авионот на претседателот на Руанда од страна на непознати атентатори на 6 април 1994 година. Уште истиот ден, односно во ноќта меѓу 6 и 7 април 1994 година, „одреди на смртта“ започнале со масовни убиства на умерените Хуту, коишто биле поддржувачи на мировниот договор за поделба на власта меѓу двете заедници. Но, примарна цел на организираните групи за убиства биле припадниците на популацијата Тутси. Убивањата не биле насочени кон специфични лица туку жртви биле сите оние Тутси кои биле пресретнати од криминалните групи.[4]

Според проценките на МКТР, биле убиени меѓу 800.000 и еден милион мажи, жени и деца Тутси од страна на екстремистички Хуту групи, што како стапка на убивање е дури „четири пати поголема од нацистичкиот холокауст во неговата најинтензивна фаза“.[5] Наведените податоци сведочат за убивање од масовни размери со геноцидални намери односно со цел „ да се уништи, во целина и делумно, национална, етничка, расна или религиозна група, како таква“.[6]

Во текот на своето постоење, заклучно со 2015 година, МКТР обвинил 93 лица, од кои, 62 лица биле осудени за виновни и казнети. МКТР е првиот суд што донел пресуди за геноцид и ги интерпретирал правилата на Женевските конвенции од 1948 година. Тој е и првиот суд што го дефинирал

---

[3] *Resolution 955 (1994) adopted by the Security Council*, http://www.unmict.org/specials/ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf?q=ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf

[4] *Thompson,* Introduction [во:] *Thompson, A. (ed.),* The Media and the Rwanda Genocide, 2007, стр.1–11

[5] Legacy Web Site of the International criminal Tribunal for Rwanda, http://unictr.unmict.org/en/genocide

[6] *Resolution 955 (1994) adopted by the Security Council*, http://www.unmict.org/specials/ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf?q=ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf



Scanned with CamScanner

силувањето во меѓународното кривично право и го означил силувањето како „средство за вршење геноцид“. [7]

МКТР има пионерска улога и во една друга област, која што до пресудата на МКТР во таканаречениот „медиумски случај“, не била сметана како средство за вршење геноцид и/или злосторства против човештвото. Тоа се медиумите односно нивната злоупотреба како средство за поттикнување на геноцид и злосторства против човештвото. Имено, улогата на медиумите како темел на политичката пропаганда односно ширењето на расна, етничка и верска омраза и средство за „сензибилизирање“ на луѓето за војување и вршење злосторства е солидно документирана и позната уште од времето на нацизмот и холокаустот. Сепак, за разлика од Нирнбершките процеси во кои што нема пресуда која директно се однесува на медиумите како потикнувачи на геноцид и злосторства против човештвото, МКТР во „медиумскиот случај“ директно се повикува на улогата на тројца поединци поврзани со медиуми кои имале клучна улога во поттикнувањето на омразата, но и во поддршката на масовното убивање после 6 април 1994 година преку континуирано „известување“ преку говор на омраза и наведување на злосторства, до степен на наведување на криминалните банди кон местата каде што имало население од Тутсите или кон местата каде што бегале Тутсите во обид да се спасат од убивањето.

2. „Медиумскиот случај“ односно случајот против Нахимана, Барајгвиза и Нгезе (ICTR-99-52)[8] вклучува тројца поединци кои што биле обвинети дека се организатори на медиумска кампања со цел да се сензибилизира и поттикне популацијата Хуту да ја убива популацијата Тутси во Руанда во 1994 година. Имено, Нахимана и Барајгвиза како членови на т.н. „Комитет за надгледување“ основале радио, познато под кратенката РТЛМ, кое што емитирало програма од јули во 1993 година до јули во 1994 година. Нахимана, поранешен универзитетски предавач и поранешен директор на државната канцеларија за информации, како директор на на радиото, бил обвинет дека е идеолог на операцијата, а Барајгвиза, поранешен директор за политички прашања во Министерството за надворешни работи на Руанда, бил сметан дека е соодговорен како втор по влијание во командата со операцијата. Третиот обвинет Нгезе бил сопственик, основач и уредник на весникот „Кангура“ што континуирано објавувал содржини со омраза кон Тутсите, карактеризирајќи ги како непријатели што сакаат да ја освојат власта само за себе и да го урнат демократскиот систем.[9]

Првостепената пресуда за случајот била донесена на 3 декември 2003 година, а правосилната пресуда во рамките на жалбената постапка, била

[7] Legacy Web Site of the International criminal Tribunal for Rwanda , http://unictr.unmict.org/en/tribunal

[8] The Prosecutor v. Ferdinand Nahimana, Jean-Bosco Barayagwiza, Hassan Ngeze, Case No. ICTR-99-52-T, http://unictr.unmict.org/en/cases/ictr-99-52

[9] *Kagan, S.,* The *Nahimana et al.* Appeal Judgment, The Hague Justice Portal, http://www.haguejusticeportal.net/index.php?id=9166, стр. 1



Scanned with CamScanner

донесена на 28 ноември 2007 година. Во првостепената пресуда МКТР ги прогласил сите тројца за виновни за повеќе злосторства. Нахимана бил прогласен за виновен за заговор за извршување на геноцид, за геноцид, за директно и јавно поттикнување за извршување на геноцид, за злосторства против човештвото (прогонување, убиства и истребување), а бил ослободен од вина за учество во геноцид. Барајгвиза бил прогласен за виновен за заговор за извршување на геноцид, за геноцид, за директно и јавно поттикнување за извршување на геноцид, злосторства против човештвото (прогонување и истребување), а бил ослободен од вина за учество во геноцид, злосторства против човештвото (убиства), сериозни прекршувања на заедничкиот член 3 на Женевските конвенции и вториот дополнителен протокол. Нгезе бил прогласен за виновен за заговор за извршување на геноцид, за геноцид, за директно и јавно поттикнување за извршување на геноцид, злосторства против човештвото (прогонување и истребување), а бил ослободен од вина за учество во геноцид и злосторства против човештвото (убиства).[10]

Во рамките на жалбената постапка, МКТР ја изменил пресудата во неколку точки, при што ја потврдил вината на сите тројца за заговор за извршување на геноцид, како и за геноцид и истребување како злосторство против човештвото. За Нахимана и Нгезе била потврдена осудата за директно и јавно поттикнување за извршување на геноцид, за разлика од истата осуда за Барајгвиза. Притоа, на Нахимана и Нгезе доживотните казни затвор им биле заменети со затворски казни од 30 години, а затворската казна на Барајгвиза била определена на 32 години.[11]

Веројатно, најинтересен во однос на медиумите, е делот на пресудите (во прв степен и по жалбената постапка) што се однесува на директното и јавното поттикнување за извршување на геноцид. За МКТР постоеле два суштински предизвика во одлучувањето дали емитуваните содржини на радиото и објавените содржини во весникот можат да се означат како „директно и јавно поттикнување за извршување на геноцид". Првиот предизвик бил ограничената судска практика од Нирнбершкиот трибунал до МКТР што се однесувала на оваа проблематика. Вториот предизвик произлегувал од првиот. Имено, МКТР имал пионерска улога во дефинирањето на разликите меѓу директното и јавно повикување за извршување на геноцид како злосторство во меѓународното кривично право и говорот на омраза.

Првостепениот судски совет ги испитувал емисиите на радиото и натписите во весникот за да утврди дали тие содржеле етнички стереотипи

[10] The Prosecutor v. Ferdinand Nahimana, Jean-Bosco Barayagwiza, Hassan Ngeze, Case No. ICTR-99-52-T, http://unictr.unmict.org/en/cases/ictr-99-52

[11] Ferdinand Nahimana, Jean-Bosco Barayagwiza, Hassan Ngeze (Appelants) vs. The Prosecutor (Respondend), Case No. ICTR-99-52-A, http://unictr.unmict.org/sites/unictr.org/files/case-documents/ictr-99-52/appeals-chamber-judgements/en/071128.pdf



Scanned with CamScanner

што можат да нанесат повреди. На овој начин, судскиот совет, прилично, широко ја поставил дефиницијата за директното и јавно поттикнување на геноцид, доведувајќи ја блиску до дефиницијата за говорот на омраза. Интересно е дека апелациониот судски совет, за разлика од повеќето стручни мислења кои биле спротивни на расудувањето и аргументацијата на првостепениот судски совет, ја потврдил пресудата во овој дел. Така, апелациониот судски совет утврдил дека постои разлика во одговорноста,[12] согласно член 6 (1) од Статутот на МКТР, за геноцид и директното и јавно поттикнување на геноцид согласно член 2 (3) од Статутот на МКТР.[13] Имено, за да се смета дека е извршен геноцид треба поведението на обвинетиот да е во насока на значаен придонес во извршување на геноцидот, додека делото директно и јавно поттикнување на геноцид е дело по себе, односно може да настане и без, фактички, да бил извршен геноцид. Во оваа насока, се чини дека апелациониот судски совет навлегува во лексичка анализа на поттикнувачките зборови барајќи да утврди дали таквите зборови и изрази можат да бидат јасно разбрани од публиката за таа да биде поттикната да изврши геноцид.

3. „Медиумскиот случај“ е исклучително важен случај како за судската практика на национално и меѓународно рамниште поврзана со гонењето на основните злосторства во меѓународното и меѓународното кривично право, така и за правната наука. Иако не може да се зборува за воспоставена судска практика, со оглед на тоа што овој случај е единствен од овој тип, сепак аргументацијата на двата судски совети што одлучувале по овој случај, но и експертските ставови, се доволна основа да се заклучи дека медиумите можат да се сметаат за одговорни во определени околности и за најтешките злосторства како што е директното и јавно поттикнување за извршување на геноцид. Таквиот развој на правната практика ја зголемува одговорноста на новинарите и медиумите особено во време на насилни конфликти. Историската лекција од времето на нацизмот, но и улогата на медиумите во ширење на пропаганда што поттикнува кон вршење геноцид и злосторства против човештвото, очигледно, има свое влијание врз развојот на правото односно исклучувањето на неодговорноста и неказнивоста во наведените случаи. Се разбира, во ваквите случаи, клучна е професионалноста и одговорноста и на судиите за да не се дозволи банализирање на дефиницијата на најтешките злосторства во меѓународното право преку волунтаристичко проширување на битијата на овие дела и нивно изедначување со други видови на дела, како говорот на омраза, кои иако доволни сериозни, сепак, според своите последици, значително се разликуваат од геноцид и/или директното и јавното поттикнување за вршење на геноцид.

---

[12] *Kagan, S.*, The *Nahimana et al.* Appeal Judgment, The Hague Justice Portal, http://www.haguejusticeportal.net/index.php?id=9166, стр. 1-2

[13] *Resolution 955 (1994) adopted by the Security Council*, http://www.unmict.org/specials/ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf?q=ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf



Scanned with CamScanner

## MEDIA AND CRIMES AGAINST HUMANITY – LESSONS LEARNED (THE CASE OF RWANDA)

*Summary*

The research paper analyses the role of local media in provoking of the Rwanda genocide in 1994 and the legal consequences that followed, namely the prosecution by the International Criminal Tribunal for Rwanda (ICTR) of three individuals that masterminded the hate media campaign that played significant role in the incitement of the Hutu population to murder the Tutsi population in the so called “Media Case”.

The focus of the research is on the impact of the “Media Case” on the development of international criminal responsibility for core crimes in international criminal law, specifically for the crimes against humanity in the contemporary globalized world characterized by rapid and decentralized development of new media and faced with disastrous conflicts that involve mass human suffering.

**Користена литература и документи:**

*Спасов, А.,* Современите теории за државниот суверенитет во меѓународниот поредок меѓу правниот позитивизам и државната одговорност (докторска дисертација), 2015;

*Resolution 955* (*1994*) *adopted by the Security Council*, http://www.unmict.org/specials/ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf?q=ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf

*Thompson,* Introduction [во:] *Thompson, A.* (*ed.*), The Media and the Rwanda Genocide, 2007;

Legacy Web Site of the International criminal Tribunal for Rwanda, http://unictr.unmict.org/en/genocide

*Resolution 955* (*1994*) *adopted by the Security Council*, http://www.unmict.org/specials/ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf?q=ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf

Legacy Web Site of the International criminal Tribunal for Rwanda , http://unictr.unmict.org/en/tribunal

The Prosecutor v. Ferdinand Nahimana, Jean-Bosco Barayagwiza, Hassan Ngeze, Case No. ICTR-99-52-T, http://unictr.unmict.org/en/cases/ictr-99-52

*Kagan, S.,* The *Nahimana et al.* Appeal Judgment, The Hague Justice Portal, http://www.haguejusticeportal.net/index.php?id=9166, стр. 1

The Prosecutor v. Ferdinand Nahimana, Jean-Bosco Barayagwiza, Hassan Ngeze, Case No. ICTR-99-52-T, http://unictr.unmict.org/en/cases/ictr-99-52

Ferdinand Nahimana, Jean-Bosco Barayagwiza, Hassan Ngeze (Appelants) vs. The Prosecutor (Respondend), Case No. ICTR-99-52-A,



Scanned with CamScanner

http://unictr.unmict.org/sites/unictr.org/files/case-documents/ictr-99-52/appeals-chamber-judgements/en/071128.pdf*Kagan, S.,* The *Nahimana et al.* Appeal Judgment, The Hague Justice Portal, http://www.haguejusticeportal.net/index.php?id=9166, *Resolution 955* (*1994*) *adopted by the Security Council*, http://www.unmict.org/specials/ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf?q=ictr-remembers/docs/res955-1994_en.pdf



Scanned with CamScanner